Република Северна Македонија
**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-285/6
12.06.2026 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-285/1 од 09.3.2026 година поднесена од -------- за извршена дискриминација и нееднаков третман во работниот однос, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** и нееднаков третман во областа на работата и работните односи сторени од страна на -------- врз --------.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација доставена е претставка бр. 08-285/1 од 09.03.2026 година, поднесена од страна на --------за сторена дискриминација и нееднаков третман во областа на работата и работните односи од страна на --------.

Во дадената претставка, подносителот --------од --------наведува дека е вработен во --------од 2018 год на работно место ------ во -------- и ја поднесува претставка поради сомнение за дискриминација и нееднаков третман во врска со распоредувањето на работа. Тој наведува дека повеќепати бил упатуван со наредби да извршува работни задачи во --------. Според документацијата доставена од --------во постапка пред Државниот инспекторат за труд, било наведено дека му биле издадени вкупно 21 наредба за извршување на итни, неодложни и специфични задачи врз основа на член 154 од --------. Овие наредби се издавале во континуитет и практично резултираат со тоа тој често да биде распоредуван да работи надвор од работно место додека другите колеги кои на исто или слично работно место, не се испраќаат многу ретко или воопшто не се испраќаат на вакви задачи и се заштитени од страна на ------. Понатака наведува дека не постојат јасно утврдени критериуми врз основа на кои се врши изборот на службениците кои се упатуваат на вакви задачи. Смета дека ваквиот начин на постапување создава нееднаков третман меѓу вработените и селективно распоредување на службениците, што доведува до неоправдано оптоварување на одредени лица, додека други не се изложени на истите работни обврски. Поради наведеното смета дека постои основано сомнение за нееднаков третман и дискриминација во работниот однос.

Поради фактот што во претставката не беше наведен дискриминаторски основ врз кој подносителот смета дека бил дискриминиран, на 24.3.2026 година, согласно член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата за

спречување и заштита од дискриминација до подносителот достави Барање за доуредување, со кое го задолжи подносителот на претставката да го наведе дискриминаторскиот основ согласно член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

На ден 30.3.2026 година, подносителот со допис доставен по електронски пат, заведен под бр. 08-285/2 ја извести Комисијата дека нееднаквиот однос кон него се должи на селективно и неосновано постапување од страна на раководните лица и дека тоа претставува индиректна дискриминација.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 03.04.2026 година испрати Известување бр. 08-285/3 за произнесување по наводите од претставката до --------.

На ден 06.05.2026 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен одговор на известувањето за произнесување од страна на Министерството за внатрешни работи, заведен под бр. 08-285/5.

Во произнесувањето во врска со наводите во претставката поднесена од лицето -------- известуваат дека за потребите на --------, за извршување на итни, неодложни и специфични задачи во --------, за одреден временски период од неколку месеци се ангажираат --------. За извршување на итни, неодложни и специфични работи во -------- кои се поделени во пет групи со четири --------службеници кои редовно се менуваат, односно истите не се постојано ангажирани со Наредба да извршуваат работни задачи во --------.Притоа напоменуваат дека --------службеници се ангажираат за потребите на -------- и ниту еден -------- службеник не е дискриминиран во однос на работата и работните задачи.

Земајќи ги во предвид наводите во претставката, одговорот од произнесувањето по истата како и останатите факти и информации, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не станува збор за извршена дискриминација од страна на --------**член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** кој гласи:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите“.*

Имајќи го во предвид горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не станува збор за сторена дискриминација и нееднаков третман, ценејќи го фактот дека подносителот не воспоставил каузална врска помеѓу дискриминаторска основа и дејствијата со кои тврди дека бил дискриминиран, односно во доуредувањето на поднесената претставка за заштита од дискриминација повторно не го прецизираше основот на дискриминација врз кој подносителот смета

дека е дискриминиран. Во смисла на претходно наведеното, подносителот не се повикува на конкретен „личен статус" поради кој смета дека бил третиран понеповолно од лицата кои се наоѓаат во споредлива ситуација како него–во конкретниот случај останатите вработени во --------. Оттука, наведените потенцијалните неправилности и нееднаквиот третман при распоредувањето на вработените за извршување на работните задачи, не се базираат врз дискриминаторска основа согласно член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација и подносителот може да ја оствари потребната заштита во друга постапка пред надлежен орган.

Следствено на ова, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не станува збор за извршена дискриминација од страна на -------- врз --------.

Согласно надлежностите од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, а во врска со член 27 став (1) од истиот Закон, врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател на Комисијата
Душан Томшиќ

Доставено до:
-Подносителот
- ---------
- Архива